Известување за концентрација со која Фолксваген Акциенгезелшафт, Германија и Готион Хај-Тек Ко., Лтд., Кина ќе основаат три заеднички вложувања во Шпанија, Словачка и Мароко
(предмет бр. 08-149/2026)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 19.10.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Фолксваген Акциенгезелшафт, со регистрирано седиште на Берлинер Ринг 2, 38440 Волфсбург, Германија и Готион Хај-Тек Ко., Лтд., со регистрирано седиште на Авенија Хуајуан бр. 566, округ Баохе, град Хефеи, провинција Анхуи, Кина, со која Фолксваген Акциенгезелшафт и Готион Хај-Тек Ко., Лтд. ќе основаат три целосно функционални заеднички вложувања како гринфилд инвестиции во Валенсија, Шпанија, во Шурани, Словачка и во Мароко.

Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:

Врз основа на рамковен договор за трансакција, ПоверКо СЕ (PowerCo SE), со регистрирано седиште на Индустриештрасе Норд 52, 38239 Залцгитер, Германија, зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген Акциенгезелшафт, и Готион Хај-Тек Ко. Лтд. имаат намера директно и/или индиректно преку едно или повеќе од нивните зависни друштва, да основаат три нови заеднички вложувања како гринфилд инвестиции во Валенсија, Шурани и Мароко, кои ќе претставуваат целосно функционални заеднички вложувања и кои на долгорочна основа ќе ги извршуваат сите функции на автономна економска целина.

ПоверКо СЕ е индиректно зависно друштво во целосна сопственост на Фолксваген Акциенгезелшафт. Тоа е основано со цел да ги консолидира активностите во синџирот на вредноста на автомобилските батерии, односно од набавка на суровини и развој на ќелии до производство и рециклирање.

Фолксваген Акциенгезелшафт е друштво котирано на берза и оперативно владејачко друштво на Фолксваген Групацијата.

Фолксваген Групацијата е активна ширум светот во развојот, производството, маркетингот и продажбата на патнички автомобили, лесни комерцијални возила, камиони, автобуси, туристички автобуси, шасии за автобуси и дизел-мотори, мотоцикли, вклучително и резервни делови и додатоци за истите. Фолксваген Групацијата е исто така активна во дистрибуцијата на возила. Во Фолксваген Групацијата се вклучени автомобилските брендови Фолксваген (Volkswagen), Фолксваген комерцијални возила (Volkswagen Commercial Vehicles), Порше (Porsche), Ауди (Audi), Шкода (Škoda), Бентли (Bentley), Ламборџини (Lamborghini), СЕАТ (SEAT), Купра (Cupra), МАН (MAN), Сканиа (Scania) и Дукати (Ducati). Дополнително, Фолксваген Акциенгезелшафт го основал брендот на зависното друштво МОИА (MOIA), кое е активно во развојот и маркетингот на решенија за услуги за мобилност, како што се превоз по нарачка и споделување автомобили. Фолксваген Акциенгезелшафт е исто така активно преку своето специјализирано зависно друштво КАРИАД (CARIAD) во областа на автомобилскиот софтвер и како што е наведено погоре, преку ПоверКо СЕ во синџирот на вредноста на производството на автомобилски батерии. Дополнително, Фолксваген Групацијата обезбедува финансиски и осигурителни услуги поврзани со дистрибуцијата и финансирањето на своите патнички и комерцијални возила. Оваа активност главно се спроведува преку Фолксваген Финансиски Услуги АГ и неговите

зависни друштва.

Фолксваген Групацијата е присутна во Северна Македонија преку следните зависни друштва:

— ПОРШЕ ЛИЗИНГ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. „Босна и Херцеговина“ бр. 3, Скопје;
— ПОРШЕ БРОКЕР АД Скопје, со регистрирано седиште на бул. „Босна и Херцеговина“ бр. 3, Скопје;
— СКАНИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Илинден, со регистрирано седиште на ул. „34“ бр. 7, Илинден, Скопје; и
— ПОРШЕ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. „Босна и Херцеговина“ бр. 4, Скопје.

Деловните активности на овие друштва во Република Северна Македонија опфаќаат трговија со моторни возила и финансиски лизинг.

Готион Хај-Тек Ко., Лтд. е крајното владејачко друштво на Готион Групацијата. Готион Групацијата работи во областа на развојот и производството на батерии и нови енергетски решенија. Нејзините активности особено опфаќаат производство на материјали од литиум-железо-фосфат и никел-манган-кобалт, батериски ќелии, батериски системи, системи за управување со батерии, како и решенија за складирање на енергија. Нејзините производи се користат во повеќе сегменти на возила со нови енергетски технологии, вклучувајќи и патнички возила, комерцијални возила, возила за посебна намена и стационарни системи за складирање на енергија. Дополнително, нејзините деловни активности опфаќаат истражување и развој во областа на батериските технологии, производство на батериски материјали и компоненти, како и рециклирање на батерии. Готион Групацијата исто така се занимава со производство и продажба на опрема за пренос и дистрибуција на електрична енергија.

Готион Групацијата нема присуство во Република Северна Македонија.

Фолксваген Акциенгезелшафт и Готион Хај-Тек Ко., Лтд. имаат намера да воспостават и развиваат долгорочна стратешка соработка во врска со набавката, производството и продажбата на батериски ќелии и други активности поврзани со синџирот на вредноста на батериите, преку основање на три нови заеднички вложувања како гринфилд инвестиции. За таа цел, планираат да ги основаат трите заеднички вложувања, кои ќе бидат одговорни за развојот, изградбата, пуштањето во погон и работењето на постројки за производство на активен катоден материјал за батерии со литиум-железо-фосфат во Мароко и развојот, изградбата, пуштањето во погон и работењето на постројки за производство на батериски ќелии во Шпанија и Словачка, соодветно.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителите на известувањето предлагаат релевантниот пазар да се дефинира како пазар за производство и снабдување со автомобилски батериски ќелии и пазар за производство и снабдување со активен катоден материјал за батерии со литиум-железо-фосфат во Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.11.2026 година
Скопје